Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт**

Сектор за уредување на просторот

19. Март, 2025 година

Архивски број: 67-1319/7

Министерството за транспорт, решавајќи по барањето од Агенција за планирање на просторот со број 09-95/8 од 11.02.2025 година и барање број 09-95/11 од 10.03.2025 година за одобрување на Планската програма за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Граничен премин „Табановце“, КО Табановце, Општина Куманово, со плански опфат (21,385 ха), плански период (2025-2035), изработен од Агенција за планирање на просторот, со тех. бр. R0324, од март 2025 година, како постапка во информацискиот систем „е-урбанизам“ број 68809, заведени во архивата на Министерството со број 67-1319/1 од 13.02.2025 година и број 67-1319/5 од 18.03.2025 година, врз основа на член 44 став (8) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на Р.С.Македонија“, бр. 32/20, 111/23 и 171/24, 224/24 и 40/25), а во врска со член 87 став 1 и член 88 од Законот за општа управна постапка („Сл. Весник на Република Македонија“ бр. 124/15), го донесува следното:

## РЕШЕНИЕ

СЕ ОДОБРУВА Планската програма за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Граничен премин „Табановце“, КО Табановце, Општина Куманово, со плански опфат (21,385 ха), плански период (2025-2035), изработен од Агенција за планирање на просторот, со тех. бр. R0324, од март 2025 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Агенцијата за планирање на просторот достави барање за одобрување на Планска програма за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Граничен премин „Табановце“, КО Табановце, Општина Куманово, со плански опфат (21,385 ха), плански период (2025-2035), изработен од „Агенција за планирање на просторот“, со тех. бр. R0324, од март 2025 година.


Министерство за транспорт
Република Северна Македонија

Ул. „Црвена Скопска Општина“ бр. 4,
1000 Скопје

+389 2 3145 451
www.mtc.gov.mk

Комисијата за урбанизам формирана од Министерот за транспорт со Решение број 02-5297/1 од 10.12.2024 година, по извршениот увид во пропратната документација и изработената Планска програма, констатира дека истата може да се одобри и тоа го потврди со Предлог за одобрување, број 67-1319/6 од 19.03.2025 година.

Во прилог на постапката се приложени:

- Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, за 2025 година („Сл. Весник на Р.С.Македонија“, бр. 25/25);
- Услови за планирање на просторот за Граничен премин „Табановце“, КО Табановце, Општина Куманово со тех. број Y25115 од мај 2016 година (24,7 ха);
- Решение за услови за планирање на просторот од Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање, со арх. Бр. УП1-15-4976/2 од 27.07.2016 година, обезбедено во релевантна постапка во информацискиот систем „е-урбанизам“ број 61710;
- Услови за планирање на просторот за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Граничен премин „Табановце“, КО Табановце, Општина Куманово со тех. број Y25115i од мај 2024 година (0,74 ха);
- Решение за услови за планирање на просторот од Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање, со арх. Бр. УП1-15-1087/2024 од 05.06.2024 година, обезбедено во релевантна постапка во информацискиот систем „е-урбанизам“ број 65034;.
- Дополна на Услови за планирање на просторот за Граничен премин „Табановце“, КО Табановце, Општина Куманово со технички број Y25115ii од септември 2024 година (0,51 ха);
- Решение за услови за планирање на просторот од Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање, со арх. Бр. УП1-15-1889/2024 од 22.11.2024 година, обезбедено во релевантна постапка во информацискиот систем „е-урбанизам“ број 61710;
- Планска програма за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Граничен премин „Табановце“, КО Табановце, Општина Куманово, со плански опфат (21,385 ха), плански период (2025-2035), изработен од „Агенција за планирање на просторот“, со тех. бр. R0324, од март 2025 година;

- Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени - Ажурирана геодетска подлога за изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за Граничен премин „Табановце", КО Табановце, Општина Куманово, изработен од Друштвото за производство, трговија и услуги „Алфа Геодет" дооел - Скопје, број 08-477/3-2023 од 13.10.2023година и потврда за заверка на геодетски елаборат од Агенција за катастар на недвижности;
- Податоци од општина Куманово во врска со донесени плански и проектни документации во границите на планскиот опфат и кои граничат со истиот, број 21-1762/2 од 04.02.2025 година.

Министерството за транспорт по разгледувањето на доставената документација и Предлогот за одобрување, број 67-1319/6 од 19.03.2025 година на Планската програма од Комисијата за урбанизам, констатира дека се исполнети условите од член 44 и член 25 став (3) од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на Р.С.Македонија", бр. 32/20, 111/23 и 171/24, 224/24 и 40/25 и член 21 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на Р.С.Македонија", бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25).

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

МИНИСТЕР
АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ

Изработил: Даниела Деспотовска Сековска, диа
Одобрил: Весна Андриевска, диа
Раководител на Сектор за уредување на просторот


Министерство за транспорт
Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр. 4, 1000 Скопје
+389 2 3145 451
www.mtc.gov.mk